**20151855169**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13 25/15, 73/15, 83/15 и 154/15) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.10.2015 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2015 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/15,42/15, 52/15, 92/15,98/15, 105/15, 106/15 и 131/15) во членот 2 став (2) по подмерката 1.6 се додава нова подмерка 1.6-а која гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 1.6-а | Директни плаќања за предадени домати во преработувачки капацитети во земјата или во странство | - Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со домати, оствареното производство да е предадено во преработувачки капацитети за зеленчук во земјата или во странство, директно или преку еден регистриран откупувач, по откупна цена не повисока од 5,0 денари по килограм, во периодите од 26 јуни 2015 година до 15 јули 2015 година и од 1 август 2015 година до 15 август 2015 година, а запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;<br>- Висината на директните плаќања изнесува 6,5 денари по килограм. |

Член 2

Во членот 4 став 1 точка 2. по точката „1.6.“ се додава точка „1.6-а“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-10838/1
20 октомври 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.